**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, С. ЉУБАНЦИ, СКОПЈЕ**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

## ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

Скопје, јануари 2024

## 1.ВОВЕД

Полугодишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година е изготвен согласно Законот за основно образование (Сл. весник бр. 161/2019) и член 74 од статутот на ООУ „Гоце Делчев“, с. Љубанци.
При изготвувањето на извештајот како појдовни основи се земени:

-Годишната програма за работа на училиштето до полугодие, во тековната учебна година;
-Педагошката евиденција и документација за реализација на плановите и програмите на воспитно-образовниот кадар;
-Статистичките прегледи, извештаи, записници, анализи и сл.

Полугодишниот извештај има за цел да ја претстави целокупната работа на училиштето во текот на првото полугодие, а воедно и да даде насоки за работа за второто полугодие.

## 2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ е лоцирано во село Љубанци, општина Бутел, поточно на 16 км оддалеченост од центарот на град Скопје. Ова училиште се вбројува во едно од најстарите училишта во Република Северна Македонија. Уште од далечната 1866 година се појавуваат световни училишта во повеќе села во Црногорието меѓу кои е и село Љубанци.

Првиот час е одржан уште во далечната 1866 година. Во историјата на своето постоење училиштето било централно о ги опфаќало сите соседни училишта.

Денес според бројот на паралелки и ученици се вбројува во групата на мали училишта.

Наставата се изведува во зграда која датира уште од 1924 година, но по својот изглед и состојба во која што се наоѓа може да се спореди и со понови и посочувани училишни згради.
Ова училиште покрај ученици од село Љубанци опфаќа и ученици од соседното село Љуботен кои посетуваат настава на македонски јазик. Во рамките на училиштето има и Интернат кој е единствен од овој тип и во кој се сместени ученици од територијата на град Скопје. Овие деца се сместуваат преку Центар за социјални работи на град Скопје. Овие деца потекнуваат од семејства со нарушени семејни односи поради што при доаѓањето во домот покажуваат знаци на асоцијално, а некои и девијантно однесување. Но, со помош на стручно лице (психолог), мобилен дефектолог (специјакен едукатор) двајца воспитувачи и останатиот персонал, тие успешно се вклопуваат во редовната настава заедно со другите ученици.

**Општи податоци за основното училиште:**

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Гоце Делчев“ |
| Адреса, место, општина | Љубанци, ул:7 бр:90, Бутел, Скопје |
| Телефон | 02 2661-250 |
| Факс | +389 (02661-250) |
| Веб-страница | oougocedelcevljubanci.edu.mk |
| Е-маил | gocedelcev_ljubanci@yahoo.com |
| Основано од.. | Министерство за образование и физичка култура |
| Верификација-број на актот | 10-2273/3 |
| Година на изградба | 1924 год. |
| Тип на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1231.7 $m^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 1248 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 2550 $m^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Нафта |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | 9 (девет) |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се изведува наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Во склоп на нашето училиште работи и Дом во кој престојуваат деца од социјално загрозени семејства, згрижени преку МЦСР на град Скопје |

**Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште:**

| | |
|---|---|
| Членови на Училишен одбор | Претставници од основачот (Општина Бутел):<br>1. Цветко Рајевски од 13.4.2022 |
| | Претставници од родителите или старатели:<br>2. Сашо Паталовски од 22.12.2023<br>3. Симона Шекерова од 22.12.2023<br>4. Марија Утковска од 22.12.2023 |
| | Претставници од редот на наставници/стручни соработници/воспитувачи:<br>5. Санела Тренова од 16.03.2021<br>6. Ангела Бошковска од 3.11.2023<br>7. Елена Рајевска од 3.11.2023<br>Изборот за претседател на УО е во тек |
| Членови на Совет на родители | Даниел Попадиновски -претседател (од 22.12.2023)<br>Симона Шекерова- прво одделение<br>Даниел Попадиновски- второ одделение<br>Марија Утковска - трето одделение<br>Јованче Чаков- четвртто одделение<br>Сашо Паталовски - петто одделение<br>Зоран Ацевски - шесто одделение<br>Радмила филимановска - седмо одделение<br>Елеонора Павличкова - осмо одделение<br>Влатко Младеновски - деветто одделение |
| Стручни активи (видови) | Стручен актив на одделенска настава- Елена Рајевска<br>Стручен актив од општествено-јазично и актив на природно-математичка група предмети- |
| Одделенски совет (број на наставници) | Одделенски совет на одделенска настава има 5 одделенски наставници, 2 стручни соработници, 4 предметни наставници<br>Одделенски совет на предметна настава има 13 наставници, 2 стручни соработници |
| Членови на училиштниот инклузивен тим (име и | Силвана Терзиева-директор |

| | |
|---|---|
| презиме) | Анета Мицевска-психолог<br>Ивана Крстиќ-Специјален едукатор и рехабилитатор (мобилен)<br>Иванка Т. Милошевска-предметен наставник<br>Билјана Маневска-одделенски наставник<br>Маја Нешковиќ-родител<br>Соња Костенцовска-родител |
| Заедница на паралелка (број на ученици) | 8 (претседатели и потпретседатели на секоја паралелка од VI-IX одделение) |
| Членови на Ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | 16- Претседател на Ученичкиот парламент Анастасија Топузовска |
| Ученички правобранител | Давид Филимановски |

**Податоци за училиштниот простор:**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 2 (две) |
| Број на подрачни училишта | / |
| Бруто површина | $1322m^2$ |
| Нето површина | $1231m^2$ |
| Број на спортски терени | 2 (два) |
| Број на катови | 2 (два) |
| Број на училници | 9 (девет) |
| Број на помошни простории | 6 (шест) |
| Училишна библиотека, медијатека | 1+1 |
| Начин на загревање на училиштето | нафта |

**Наставен кадар:**

| Одд. | вкупно | Етничка и полова структура на вработени | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 28 | 6 | 21 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 17 | 3 | 14 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Воспитувачи** | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 4 | / | 3 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**Ученици:**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 1 | 12 | 7 | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | 1 | 8 | 5 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | 1 | 14 | 6 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I-III** | 3 | 34 | 18 | 16 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | 1 | 10 | 2 | 7 | / | / | / | / | / | 1 | / | / |
| **V** | 1 | 16 | 7 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV-V** | 2 | 26 | 9 | 16 | / | / | / | / | / | 1 | / | / |
| **VI** | 1 | 11 | 6 | 4 | / | / | / | / | 1 | / | / | / |
| **VII** | 1 | 16 | 8 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI-VII** | 2 | 27 | 14 | 12 | / | / | / | / | 1 | / | / | / |
| **VIII** | 1 | 15 | 8 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IX** | 1 | 12 | 8 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VIII-IX** | 2 | 27 | 16 | 11 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI - IX** | 4 | 54 | 30 | 23 | / | / | / | / | 1 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I - IX** | **9** | **114** | **57** | **55** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **1** | **/** | **/** |

## 3. МИСИЈА И ВИЗИЈА

***Мисија на училиштето:***
***„Заедно учиме полесно, побрзо и поквалитетно и имаме заеднички интереси“***

***Визија на училиштето:***

***„За сите ученици училиштето ќе биде дом во кој се почитува и негува различноста зошто сите деца се различни, со свои интереси и погледи кон животот но, пред сé се деца кои знаат само за љубов, дружење и игра“***

## 4. НАСТАВА

Во учебната 2023/24 година воспитно образовниот процес го следат **114** ученици распоредени во **9 (девет) паралелки** од кои **60** се женски, а **54** машки ученици. По национален состав од вкупниот број на ученици, **112** се ученици со македонска националност, а **2** се со ромска националност (1 момче и 1 женско).

Бројот на наставници кои ја реализираат наставата се: **6** наставници во одделенска настава и тоа 5 одделенски наставници и еден наставник по ФЗО кој работи во тандем со одделенскиот наставник по прво, второ, трето одделение (наставникот по ФЗО во тандем со одделенските наставници во четврто и петто одделение е вброен во бројот на предметни наставници) **11** наставници во предметна настава (**2** наставници дополнуваат од други училишта), **2** воспитувачи во Интернат.

Наставниците по ликовно образование, техничко образование и информатика дополнуваат часови во ООУ „Гоце Делчев“, с. Љубанци. Останатите наставници од предметна настава со исклучок на наставникот по македонски јазик, математика-физика, англиски јазик, музичко образование, сите останати дополнуваат часови во други училишта.

| **РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ПО ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Паралелка** | **Одделенски наставник** | **Македонски јазик** | **Математика** | **Англиски јазик** | **Ликовно образование** | **Музичко образование** | **Природни науки** | **Техничко образование** | **Општество Историја/општество** | **ФЗО** | **Слободни ученички активност** | **Вкупно одржани часови** |
| I одд | Билјана Маневска | 80 | 80 | 32 | 16 | 15 | 32 | / | 16 | 48 | 32 | 351 |
| II одд | Светлана М. Костенцовска | 81 | 81 | 32 | 15 | 17 | 32 | / | 15 | 47 | 34 | 354 |
| III одд | Луиза Велкоска | 81 | 81 | 32 | 16 | 16 | 32 | / | 17 | 49 | 32 | 356 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV одд | Мирјана Димоска | 80 | 80 | 48 | 16 | 17 | 32 | 16 | 32 | 48 | / | 369 |
| V одд | Елена Рајевска | 80 | 80 | 50 | 16 | 16 | 34 | 34 | 32 | 48 | / | 390 |

| **РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА ПО ПРЕДМЕТИ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Наставен предмет** | **наставник** | **VI одд** | **VII одд** | **VIII одд** | **IX одд** |
| 1 | Македонски јазик | Иванка Т. Милошевска | 65 | 66 | 65 | 66 |
| 2 | Математика | Светлана Малегановска | 81 | 66 | 65 | 65 |
| 3 | Англиски јазик | Ангела Бошковска | 50 | 50 | 48 | 48 |
| 4 | Француски јазик | Ивана Блажевска | 31 | 32 | 32 | 32 |
| 5 | Ликовно образование | Димко Спироски | 16 | 17 | 16 | 17 |
| 6 | Музичко образование | Елена Наумовска | 16 | 16 | 16 | 16 |
| 7 | Природни науки | Санела Тренова | 50 | / | / | / |
| 8 | Техничко образование и информатика (Информатика) | Селсебил Караагач | 30 | / | / | / |
| 9 | Историја и општество (Историја) | Игор Бошковски | 42 | / | / | / |
| 10 | Информатика | Селсебил Караагач | / | 17 | / | / |
| 11 | Географија | Санела Тренова | / | 32 | 34 | 33 |
| 12 | Историја | Игор Бошковски | / | 33 | 32 | 32 |
| 13 | Етика | Димко Спироски | / | 17 | / | / |
| 14 | Граѓанско образование | Игор Бошковски | / | / | 16 | 16 |
| 15 | Биологија | Марија Милковска | / | 34 | 32 | 33 |
| 16 | Физика | Светлана Малегановска | / | / | 33 | 33 |
| 17 | Хемија | Марија Милковска | / | / | 34 | 33 |
| 18 | Иновации | Марија Милковска | / | / | / | 16 |
| 19 | Физичко и здравствено образование | Влатко Котески | 48 | 48 | 49 | 48 |
| | | Вкупно | 429 | 428 | 472 | 488 |

Во сите паралелки од одделенска и предметна настава реализација на наставните часови изнесува од 44-50 %.

| ОДРЖАНИ ЧАСОВИ ПО ДОПОЛНИТЕЛНА ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Паралелка | Одделенски наставник | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Ликовно образование | Музичко образование | Природни науки | Техничко образование Информат | Историја и општество | ФЗО | Вкупно одржани часови |
| I одд | Билјана Маневска | 1 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | 5 |
| II одд | Светлана М. Костенцовска | 7 | 3 | 1 | / | / | / | / | / | / | 11 |
| III одд | Луиза Велкоска | 8 | 6 | 1 | / | / | 1 | / | 2 | / | 18 |
| IV одд | Мирјана Димоска | 5 | 4 | / | / | 1 | 2 | 1 | 2 | / | 15 |
| V одд | Елена Рајевска | 5 | 3 | 1 | / | / | 3 | / | 2 | / | 14 |

| ОДРЖАНИ ЧАСОВИ ПО ДОДАТНА ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Паралелка | Одделенски наставник | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Ликовно образование | Музичко образование | Природни науки | Техничко образование Информат | Историја и Општество | ФЗО | СИП | Вкупно одржани часови |
| I одд | Билјана Маневска | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| II одд | Светлана М. Костенцовска | 5 | 2 | 1 | / | / | 3 | / | / | / | / | 11 |
| III одд | Луиза Велкоска | 3 | 4 | 1 | 1 | 1 | 4 | / | / | / | / | 14 |
| IV одд | Мирјана Димоска | 5 | 4 | 1 | / | 1 | 2 | 1 | 2 | / | / | 16 |
| V одд | Елена Рајевска | 1 | 5 | 1 | / | / | 3 | / | 3 | / | / | 13 |

| ОДРЖАНИ ЧАСОВИ ПО ДОПОЛНИТЕЛНА ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Наставен предмет** | **наставник** | **VI одд** | **VII одд** | **VIII одд** | **IX одд** |
| 1 | Македонски јазик | Иванка Т. Милошевска | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 2 | Математика | Светлана Малегановска | 3 | 2 | 2 | 2 |
| 3 | Англиски јазик | Ангела Бошковска | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 4 | Француски јазик | Ивана Блажевска | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 5 | Ликовно образование | Димко Спироски | | 1 | | |
| 6 | Музичко образование | Елена Наумовска | 1 | 1 | | 1 |
| 7 | Природни науки | Санела Тренова | 2 | | | |
| 8 | Техничко образование и информатика (информатија) | Селсебил Караагач | 1 | | | |
| 9 | Информатика | Селсебил Караагач | | 1 | | |
| 10 | Географија | Санела Тренова | | 1 | 1 | 1 |
| 11 | Историја и општество (Историја) | Игор Бошковски | 2 | | | |
| 12 | Историја | Игор Бошковски | | 2 | 2 | 1 |
| 13 | Етика | Димко Спироски | | | | |
| 14 | Граѓанско образование | Игор Бошковски | | | | |
| 15 | Биологија | Марија Милковска | | 1 | 1 | 1 |
| 16 | Физика | Светлана Малегановска | | | 2 | 1 |
| 17 | Хемија | Марија Милковска | | | 1 | 2 |
| 18 | Иновации | Марија Милковска | | | | |
| 19 | Физичко и здрав. образование | Влатко Котески | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | | Вкупно | 17 | 17 | 15 | 16 |

| ОДРЖАНИ ЧАСОВИ ПО ДОДАТНА ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Наставен предмет** | **наставник** | **VI одд** | **VII одд** | **VIII одд** | **IX одд** |
| 1 | Македонски јазик | Иванка Т. Милошевска | 3 | 2 | 2 | 2 |
| 2 | Математика | Светлана Малегановска | 3 | 2 | 2 | 3 |
| 3 | Англиски јазик | Ангела Бошковска | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 4 | Француски јазик | Ивана Блажевска | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 5 | Ликовно образование | Димко Спироски | | 1 | | |
| 6 | Музичко образование | Елена Наумовска | 1 | 1 | 1 | |
| 7 | Природни науки | Санела тренова | 2 | | | |
| 8 | Техничко образование и информатика (информарика) | Селсебил Караагач | 1 | | | |
| 9 | Информатика | Селсебил Караагач | | 1 | | |
| 10 | Историја и општество (Историја) | Игор Бошковски | 2 | | | |
| 11 | Географија | Санела Тренова | | 1 | 2 | 1 |
| 12 | Историја | Игор Бошковски | | 1 | 1 | 2 |
| 13 | Етика | Димко Спироски | | 2 | | |
| 14 | Граѓанско образование | Игор Бошковски | | | | |
| 15 | Биологија | Марија Милковска | | 1 | 1 | 1 |
| 16 | Физика | Светлана Малегановска | | | 1 | 2 |
| 17 | Хемија | Марија Милковска | | | 1 | 1 |
| 18 | Иновации | Марија Милковска | | | | |
| 19 | Физичко и здрав. образование | Влатко Котески | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | | Вкупно | 17 | 17 | 16 | 16 |

| ОДРЖАНИ ЧАСОВИ- ИЗБОРНА НАСТАВА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Изборен предмет** | **наставник** | **I одд** | **II одд** | **III одд** | **IV одд** | **V одд** | **VI одд** | **VII одд** | **VIII одд** | **IX одд** |
| 1 | Слободни изборни активности | Билјана Маневска | 32 | | | | | | | | |
| 2 | Слободни изборни активности | Светлана М. Костенцовска | | 34 | | | | | | | |
| 3. | Слободни изборни активности | Луиза Велкоска | | | 32 | | | | | | |
| 3 | Слободен изборен предмет- Цртање, сликање и вајарство | Мирјана Димоска | | | | 32 | | | | | |
| 4 | Слободен изборен предмет- Моден и компјутерски дизајн | Елена Рајевска | | | | | 36 | | | | |
| 5 | ККЕЦ | Ивана Блажевска | | | | | | 31 | | | |
| 6 | Проекти на музичката писменост | Елена Наумовска | | | | | | | 33 | | |
| 7 | Танци и народни ора | Елена Наумовска | | | | | | | | 31 | |
| 7 | Вештини на живеење | Иванка Т. Милошевска | | | | | | | | | 31 |

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА КАДАР ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, С. ЉУБАНЦИ

| РБ | Бр. на наст. | Име и презиме | Степен на образование | Работно место | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | **Силвана Терзиева** | Високо | Директор | Ненаставен кадар | |
| 2 | | **Анета Мицевска** | Високо | Психолог | | |
| 3 | | **Ивана Крстиќ** | Високо | Специјален едукатор и рехабилитатор | | |
| 4 | | **Наташа Милошевска** | Високо | Библиотекар | | |
| 5 | 1 | **Билјана Маневска** | Високо | Одделенски професор | Одделенска настава | Наставен кадар |
| 6 | 2 | **Светлана Милевска Костенцовска** | Високо | Одделенски професор | | |
| 7 | 3 | **Луиза Велкоска** | Високо | Одделенски професор | | |
| 8 | 4 | **Елена Рајевска** | Високо | Одделенски професор | | |
| 9 | 5 | **Мирјана Димоска** | Високо | Одделенски професор | | |
| 10 | 6 | **Иванка Тодорова Милошевска** | Високо | Професор по македонски јазик | Предметна настава | |
| 11 | 7 | **Ангела Бошковска** | Високо | Професор по англиски јазик | | |
| 12 | 8 | **Ивана Блажевска** | Високо | Професор по француски јазик | | |
| 13 | 9 | **Светлана Малегановска** | Високо | Професор по математика и физика | | |
| 14 | 10 | **Санела Тренова** | Високо | Професор по географија | | |
| 15 | 11 | **Игор Бошковски** | Високо | Професор по историја и граѓанска култура | | |
| 16 | 12 | **Марија Милковска** | Високо | Наставник по биологија и хемија | | |
| 17 | 13 | **Елена Наумовска** | Високо | Професор по музичко образование | | |
| 18 | 14 | **Влатко Котески** | Високо | Професор по физичко и здравствено образование | | |
| | | **ДОПОЛНУВААТ** | | | | |
| 1 | 15 | **Димко Спиркоски** | Високо | Професор по ликовно образование | | |
| 2 | 16 | **Селсебил Караагач** | Високо | Техничко образование и информатика | | |
| 3 | 17 | **Виолета Згонц** | Високо | Физичко и здравствено образование | | |

**ВОСПИТУВАЧИ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 19 | **Сашо Јанчиќ** | Високо | Воспитувач | |
| 2 | 20 | **Николче Шекеровски** | Високо | Воспитувач | |

**ПРЕГЛЕД**
**на вработените во административно-техничката служба**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21 | **/** | Средно | Секретар-благајник |
| 22 | **Летка Милошевска** | Средно | Готвач |
| 23 | **Мирко Рајковски** | Средно | Хаусмајстор |
| 24 | **Љубица Шарковска** | Основно | Хигиеничар |
| 25 | **Маре Лошковска** | Основно | Хигиеничар |

Наставата се одвива во една смена, а воспитно-образовниот процес се реализира во класични училници, фискултурна сала, кабинет за техничко образование како и еден кабинет по Информатика. Од оваа учебна година имаме поставено смарт табли во сите 9 (девет) училници.

Оваа учебна година наставата, наставата се одвива истотака во една смена со физичко присуство.

Секој наставник врши подготовка за наставниот час и изработува програма за активности за која е определен и ја реализира во текот на учебната година. Оваа година наставата се одвива со скратени Наставни планови и програми издадени од БРО.

Наставната учебна година започна на 01.09.2023 година, првото полугодие заврши на 29.12.2023 година. Од страна на наставниот кадар навреме беа изготвени годишните и тематските планирања, одредено одделенското раководство, изготвен распоред на часови и навремено доставени до Педагошко-психолошката службата и Директорот. Истите се на увид и се следат во текот на учебната година. Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат план и програма за додатна и дополнителна настава.

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Наставниот процес во текот на првото полугодие во учебната 2023/24 година, започна на 1.9.2023 година со Наставни планови и програми по сите наставни предмети (пропишани од БРО). Реализирани се 81 наставни денови.

**Во текот на првото полугодие во учебната 2023/24 година од вкупно 114 ученици: 71 ученици се описно оценети, 43 се бројчано оценети .**

На ниво на училиште постигнат е **среден успех е 4.14, а минатата учебна година бил 4.23.**

Анализата покажува дека од вкупно **43 бројчано оценети ученици**:

- **Со позитивен успех се 42 (98%)** и тоа:

- одлични се вкупно 16 ученици (38%), минатата година-19 ученици (54%);
- многу добри се вкупно 16 ученици (38%), минатата година-7 ученици (20%);
- добри се вкупно 10 ученици (24%), минатата година- 8 (23%);
- доволни нема, исто како и минатата година
-со негативен успех има 1 ученик (3%), минатата година исто 1 ученик (3%).

**Евидентирани се вкупно 1216 изостаноци (1416 и 1162-претходните две учебни години) отсуства од кои, 1205 се оправдани (1413 и 1154-претходните две учебни години), а 11 се неоправдани (3 и 8-од претходните две учебни години). На ниво на училиште вкупно 11 изостаноци по ученик, 10 оправдани по ученик и 0.1 неоправдан по ученик.**

Покрај редовната настава беше организирана и дополнителна настава за оние ученици кои заостануваат, од оправдани причини, при совладување на наставните содржини во редовната настава.

За учениците кои покажуваат поголеми интереси кон определени области од наставата беше организирана додатна настава.

Наставниците кои имаат инклузија на деца со посебни потреби, имааа изготвено индивидуализирани програми за деца со посебни потреби.

**Одделенска настава**

Во **прво** одделение учат вкупно 12, 7 машки и 5 женски и сите се описно оценети. Учениците се добро адаптирани, имаат воспоставено навики, наставникот има воспоставено добра работна атмосфера. Учениците учат според Новата концепција.

Во **второ** одделение учат вкупно 8, од кои 5 машки и 3 женски и сите се описно оценети.

Сите останати ученици се описменети и добро адаптирани, успехот кај учениците е различен по различни наставни предмети, освен за неколку ученици кои покажуваат континуиран успех по сите предмети. Учениците учат според Новата концепција.

Во **трето** одделение учат вкупно 14 ученици, 6 машки и 8 женски и сите се опсино оценети. Учениците се добро адаптирани и успехот кај учениците е различен по различни наставни предмети. Учениците учат според Новата концепција.

Во **четврто** одделение учат вкупно 10 ученици, 2 машки и 8 женски. Одделенскиот наставник смета дека учениците се целосно описменети и сите индивидуално одлично напредуваат. Учениците учат според Новата концепција.

Во **петто** одделение учат вкупно 16 ученика, од кои 7 машки и 9 женски и сите се описно оценети. Учениците учат според Новата концепција.

**Предметна настава**

Во **шесто** одделение учат вкупно 11 ученици, од кои 7 машки и 4 женски и сите се описно оценети. Според сите предметни наставници учениците покажуваат послаба адаптација во однос на дисциплина. Учениците учат според Новата концепција.

Во **седмо** одделение учат вкупно 16 ученици, 8 машки и 8 женски и сите се со позитивен успех. Од нив **4** ученици се одлични, **8** се многу добри и **4** се добри.

**Среден успех 4.00.**

Во **осмо** одделение учат вкупно 15 ученика, од кои 8 машки и 7 женски. Од нив **6** се одлични, **5** се многу добри, **4** се со добар успех.

**Среден успех 4.13.**

Во **деветто** одделение учат 12 ученици, од кои 8 машки и 4 женски. Од нив **6** се одлични, **3** се многу добри и **2** се добри, доволен нема, **1** ученик е со две негативна оцена.

**Среден успех 4.08.**

Нема ученици и родители кои треба да се повикаат на советување според член 76 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019)

Среден успех на **ниво на предметна настава** што значи и **на ниво на училиште е 4.14, 2022/23 година 4.23, а 2021/22 бил 4.11.**

**Изготвил**: Анета Мицевска-психолог

## 6. ВОН НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Слободните ученички активности ќе се организираат со учениците од одделенска и предметна настава. Тие имаат за цел:

-да се поттикнува и негува детската љубопитност и способност за креативност
-да се воведуваат учениците во задачи кои бараат поголема самостојност
-истрајност и индивидуалност во извршувањето на задачите
-афирмација на личноста на ученикот

**ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

| Учесници во активноста | Вид/тип на активност | Датум |
|---|---|---|
| Одделенски и предметни наставници | Приредба по повод прием на првачиња и почеток на учебна година | 1.9.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Прочитан е реферат за 8 Септември –ден на независноста на Република Македонија | 7.9.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на Денот на учителот со рецитал | 5.10.2023 |
| Ученици од прво одделение | Одбележување на Детска недела-прием на првачиња во Детската организација | 5.10.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на 11Октомври Ден на народното востание | 10.10.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на 16-ти Октомври, Меѓународен ден на храната и Светски ден на борба против гладот | 16.10.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба | 20.10.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Настан „Костенијада 2023„ ( приредба и рекламен штанд со изработки и храна од костени) | 30.10.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување ма месец на книгата | 15.10.-15.11.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на 13 Ноември Ден на ослободувањето на Скопје | 13.11.2023 |
| Ученици од предметна настава | Меѓународен конкурс за поетско и прозно дело во организација на Македонско литературно друштво ,,Ванчо Николески”- Австралија | 15.11.2023 |
| Ученици од предметна настава | Учество на конкурс во организација на НУ Универзитетска библиотека ,,Свети Климент Охридски”-Битола и Здружение на дијабетичари на општина Битола на тема СЛАТКИ-ГОРЧИНИ | 26.11.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на 16 ноември-Меѓународен ден на толеранција | 16.11.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на 21 Ноември - „Светскиот ден на детето“ | 20.11.2023 |
| Ученици од одделенска и предметна настава | Спортски игри-Мио активности | 22.11.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на „Меѓународниот ден на лицата со попреченост“ | 4.12.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Одбележување на Св„Климент Охридски“ | 7.12.2023 |
| Сите ученици од ООУ „Гоце Делчев“ | Новогодишен базар | 27.12.2023 |

**Изготвил:** Елена Рајевска

## ОПШТЕСТВЕНО КОРИСНА РАБОТА

Во текот на првото полугодие од учебната 2023/24 година беа реализирани следниве активности поврзани со општествено корисна и хуманитарна работа на учениците од прво до деветто одделение:

| Активност | Време на реализација | Одделение | Бр. на ученици |
|---|---|---|---|
| Естетско уредување на училницата | 12.09.2023 | IX одд. | 11 |
| Уредување на училницата | 18.09.2023 | VI одд.<br>VII одд. | 11<br>16 |
| Уредување на училишниот хол | 4.10.2023 | VII одд. | 16 |
| 16 Октомври - Светски ден на храната- Хуманитарна акција во собирање храна и делење на социјално загрозени семејства | 16.10.2023 | I<br>II<br>III<br>IV<br>V<br>VI<br>VII<br>VIII<br>IX | 11<br>8<br>13<br>10<br>16<br>11<br>16<br>15<br>11 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предновогодишно декорирање на училницата | 4.12.2023 | VI<br>VII<br>VIII | 11<br>13<br>15 |
| Новогодишно украсување на училницата | 11.12.2023 | IX одд. | 11 |
| Делење пакетчиња од Самурајска торбичка | 25.12.2023 | I одд. | 12 |
| Поделени новогодишни паќетчиња на ученици од социјално ранливи семејства | 27.12.2023 | I одд.<br>III одд.<br>IV одд.<br>V одд. | 3<br>4<br>3<br>5 |
| Донирани обувки ( патики) на деца од социјални ранливи семејства | 28.12.2023 | I одд.<br>III одд.<br>IV одд. | 2<br>1<br>1 |

**Изготвил:** Билјана Маневска

## ИЗВЕШТАЈ ОД КОНКУРСИ

| | ДАТА НА НАТПРЕВАРОТ | ИМЕ НА НАТПРЕВАРОТ и каков натпревар е (регионален, државен, општински исл.) | ОРГАНИЗАТОР | УЧЕНИЦИ-име, презиме и одд. | ОСВОЕНО МЕСТО | Диплома, благодарница, пофалница и сл. | МЕНТОР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 09.10.2023 | Училиштен натпревар на знаење по македонски јазик | ООУ ,,Гоце Делчев”- Предметен наставник по македонски јазик Иванка Т.Милошевска | Христина Трајанова 7 одд. | пласман на регионален натпревар | ДИПЛОМА | |
| | | | | Матеј Велковски 8 одд. | пласман на регионален натпревар | ДИПЛОМА | |
| | | | | Теона Ацевска 8 одд. | / | БЛАГОДАРНИЦА | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Дејан Спасовски 8 одд. | / | ПОФАЛНИЦА | Иванка Тодорова Милошевска |
| | | | | Ива Мартиновска 8 одд. | / | ПОФАЛНИЦА | |
| | | | | Ангел Цветаноски 9 одд. | пласман на регионален натпревар | ДИПЛОМА | |
| | | | | Марија  Младеновска 9 одд. | / | ПОФАЛНИЦА | |
| | 18.11.2023 | Регионален натпревар во знаење по македонски јазик | Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература СДМЈЛ | Христина Трајанова 7 одд.<br><br>Матеј Велковски 8 одд.<br><br>Ангел Цветаноски 9 одд. | /<br>/<br>/ | | Иванка Тодорова Милошевска |

**Изготвил**: Мирјана Димоска

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ-ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

На 22.11.2023 година нашето училиште беше домаќин на партнер училиштето ООУ„Свети Кирил и Методиј“, с.Кучевиште општина Чучер Сандево. Ова беше активност од програмата за мултиетничка соработка на партнер училишта со ученици кои ја следат наставата на македонски и српски наставен јазик.

Настанот со свој свечен говор го отвори директорката на нашето училиште Г-ѓа Силвана Терзиева. Со своето присуство не почести и градоначалникот на општина Бутел Г-дин Дарко Костовски како и претставници од општинската администрација. Свое обраќање до присутните имаше и градоначалникот. Координатори на овој спортски настан беа наставниците по физичко и здравствено образование Влатко Котески и Виолета Згонц и наставници од партнер училиштето по ФЗО.

Физичките активности помеѓу учениците од партнер училиштата се состоеа во натпревари во футцбал, кошарка и полигон со мулти штафетни игри.

Во кошарка се натпреваруваа женските екипи. Тие беа составени од вкупно 16 ученички од шесто до деветто одделение .

Во футцбал се натпреваруваа машки екипи од двете училишта од шесто до деветто одделение.Вкупно 16 ученици

На полигонот со мулти штафетни игри учествуваа 13 ученици од петто одделение.Полигонот беше со 8 штафетни игри.

Настанот имаа можност да го следат ученици од двете училишта, наставници и родители. На крај на настанот се прогласија победничките екипи и учесниците беа наградени со мини здрав оброк. Со тоа спортскиот настан заврши.

**Тим за МИО интеграција во образованието**

**Извештајот го изработија:**
Елена Рајевска ООУ„Гоце Делчев“с.Љубанци
Санела Тренова ООУ„Гоце Делчев“с.Љубанци

## 7. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на првото полугодие според програмите за подобрување на постигнувањата на учениците, преку програмата за работа со ученици со потешкотии во учењето, програмата за справување со насилно однесување, откривање на учениците со емоционални проблеми се одвива откривањето на учениците од одделенските и предметните наставници кои се во директна релација со сите ученици. За што понатака истите тие реагираа кај стручните соработници, директорот и родителите со цел да се намалат сите потешкотии и да се истакне позитивното како на индивидуално ниво, а со тоа и на ниво на училиште. Стручните соработници остваруваат индивидуални разговори со ученици кои покажуваат потешкотии во учењето како и проблеми со дисциплината преку отворена соработка со родителите истакнувајќи и важната улога на самите родители во воспитувањето на децата.

## ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Детската организација своите активности ги насочува кон детско здружување и се раководи од интересите на децата. Во годишната програма на ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА беа предвидени низа активности од културен,образовен и забавен карактер .
Активности кои беа реализирани во првото полугодие од учебната 2023/2024година се :
На 1.9.2023 беше организирана приредба по повод прием на првачиња во нашето училиште на која свој говор и обраќање имаше директорката на нашето училиште Г-ѓа Силвана Терзиева и претставници од општината . Во приредбата учество земаа и учениците од прво до петто одделение со рецитаторски точки.

Во месец октомври првата седмица која е посветена на дечињата во нашето училиште беше организиран прием на првачиња во Детската организација ,а на првачињата им беа доделени брошури .
На 10.10.2023 беше прочитан реферат по повод 11Октомври.
На 16.10.2023 беше одбележан Меѓународен ден на храната и Светски ден на борба против гладот со хуманитарна акција во собирање на храна за семејстава од социјално ранлива категорија.
На 30.10.2023 учениците учествуваа на манифестацијата „Костенијада 2023“со рецитаторски и ритмички точки како и лични изработки од костени.
Во месец ноември беа одбележани повеќе важни настани Ден на ослободување на Скопје,Меѓународен ден на толеранцијата,МИО-активности со партнер училиштето. На 21.11.2023 беше одбележан Светскиот ден на детето.
Во месец декември учениците од прво до деветo одделение имаа активности по повод Новата година,учествуваа во украсување на училниците и изработката на новогодишни украси и честитки за Новогодишниот Базар.

**Изготвил:** Елена Рајевска

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ

### Полугодишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим учебна 2023-2024

Инклузивниот тим создава услови за поголем напредок на учениците со ПОП. Во првото полугодие се следеше нивната работа и нивниот однос кон учењето. На почетокот беа идентификувани учениците со ПОП. Во оваа учебна година има еден ученик со ПОП во предметна настава и има ИОП само по еден предмет и тоа Физичко и здравствено образование. По консултациите со родителите со цел да се слушне нивното мислење и согледување за целите кои се поставени во ИОП и да дадат свои предлози за понатмошната работа во воспитно-образовниот процес. Исто така беа направени и разговори со раководителите на паралелките кои имаат ученици со ПОП се со цел да се види дали учениците успешно се вклопуваат и ги совладуваат целите кои се поставени во ИОП. Направена е ревизија на тримесечије и за прво полугодие, ученикот ги има целосно постигнато целите што се предвидени во ИОП-от.

### Извештај за одржаните состаноци на училишниот инклузивен тим

| **Р. бр** | **Дневен ред од одржаниот состанок** | **Цели на состанокот** | **Датум** |
|---|---|---|---|
| 1 | | Подобрување на работата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1.Утврдување на членовите на УИТ<br>2. Запознавање на бројот на ученици со ПОП<br>3. Консултативни разговори со родители<br>4.Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини согласно способностите на учениците<br>5.Предлози и прашања | на тимот | 28.09.2023 |
| 2 | 1.Ревизија за прво тримесечије за учебната 2023-2024<br><br>2. Предлози и прашања | Постигнувањата на учениците со ПОП | 29.11.2023 |

**Училишен инклузивен тим:**

Силвана Терзиева - директор
Ивана Крстиќ- дефектолог
Анета Мицевска-психолог
Билјана Маневска- одделенски наставник
Иванка Т.Милошевска – предметен наставник
Маја Нешковиќ -родител
Соња Костенцовска- родител

**Изготвил**:
**Координатор на Училишниот инклузивен тим:** Ивана Крстиќ-дефектолог

## УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

## ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Извештајот ги содржи активностите кои се спроведени од почетокот на учебната 2023/2024 година:

- Записник 03-237/3 од 29.9.2023 година, на кој беа утврдени членовите на Ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент брои 18 членови (9 претседатели и 9 заменици). Потребата на вклучување на замениците е поради малиот број на членови во парламентот поради малиот број на паралелки што ги имаме. Најчесто на состаноците присуствуваат учениците од 3то до 9то одделение. Со тајно гласање беше изгласан претседател на УП и негов заменик како и записничар и тоа:

| Име и презиме | Функција |
|---|---|
| Анастасија Топузовска | Претседател-решение бр.03-237/6 од 29.9.2023 |
| Дончо Топузовски | Заменик претседател Решение бр.03-237/7 од 29.9.2023 |
| Илина Смилковска | Записничар |

- Записник 03-243 од 10.10.2023 година, промовирање на ученичкото организирање, договор за начинот на работа, препораки за тековни активности за работа на Ученичкиот парламент. На состанокот беа истакнато темите со кои учениците сакаат да се активираат.

- **Образовен-**однос ученик-ученик
- **Меѓуврснички односи, булинг во училиштето**

- Записник бр. 03/301 од 29.12.2023, бр. 03-301/1 од 29.12.2023 и бр. 03-301/2 од 29.12.2023 година се однесува на активноста на учениците околу осмислување на активности од општествено корисен карактер како и активности за меѓуврсничкиоте однсои од образовен карактер-климата на часот, однсо ученик-ученик.

**Изготвиле**: Анета Мицевска

## УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ

### Полугодишен извештај за работата на Ученик правобранител

Во оваа учебна година нсе избрани нови Ученик правобранител и негов заменик бидејќи според Процедурата пропишана во Прирачникот мандатот на избраните членови е две години

-Повик за избор на ученик правобранител и заменик Ученик правобранител- арх бр. 03-240 од 3.10.2023 година

-Собирање на пријави од ученици

-Записник Комисијата за избор на Ученик правобранител и негов заменик бр. 03-247/4 од 18.10.2023 година и Одлука бр. 03-252 од 6.11.2023 година на која се избрани:
1. Давид Филимановски-Ученик правобранител,
2. Мила Спасенцова- Заменик Ученик правобранител
Учениците заедно со стручниот соработник психолог работат детекторање на нивните задачи и обврски како и прилагодување на нивната Програма за работа.

**Изготвил:** Анета Мицевска

## 8. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

